**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**
**Бр. _____**
**17.02.2014 год, Прилеп**

Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Собранието на Акционери на седницата одржана на 17.02.2014 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А**
**За распределување на акумулирани добивки остварени до 31.12.2012 година**

**Член 1**

Дел од акумулираните добивки остварени до 31.12.2012 година во износ од 150,526,256 Денари се распределуваат како бруто дивиденда за обични акции во износ од 135,473,630 Денари и данок на наплата на дивиденда во износ од 15.052.626 Денари.

Износ на бруто дивиденда за 1 обична акција изнесува Евро 0.47 (1 Евро = 61.50 Денари).

За предложениот износ на дивидендата, акционерите ќе се известат преку објавување на дивидентниот календар на интернет страницата на Друштвото.

**Член 2**

Средствата за дивиденда за обични акции да се распределат во пари.

**Член 3**

Собранието на акционерите на Друштвото ќе се одржи на 17.02.2014 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда, е 04.03.2014 година.

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 27.02.2014 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 28.02.2014.2014 година.

Исплатата на дивидендата ќе започне на 06.03.2014 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето.

Претседавач со Собранието

_____